ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН
Бр. 02-269/1
16.08.2021 год.
ШТИП

ИСТОЧЕН РЕГИОН

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН

Ванчо Прке бр.119, кат 2
2000 - Штип, Македонија
Т: +389 32 386 408
Ф: +389 32 386 409
E: eastregion@eastregion.mk
I: www./eastregion.mk

Врз основа на член 28 став 1 алинеа 5 и алинеа 13 од Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 24/2021 и 174/2021), член 7 став 1 алинеа 4 и алинеа 9 од Одлуката за основање на Центарот за развој на Источен плански регион, член 2 став 1 и член 3 од Правилникот за заштитено внатрешно пријавување во институциите од јавниот сектор („Службен весник на РМ" бр.46/2016) и член 3 од Упатството за прием на пријави од укажувачи, издвојување и обработка на податоците од пријавите и обезбедување на заштита на личните и други податоци на укажувачите бр.01-268/1 од 16.08.2021, Раководителот на Центарот за развој на Источен плански регион, на ден 16.08.2021 година, го донесе следното:

## *РЕШЕНИЕ*
**за назначување на овластено лице за прием на пријави од укажувачи доставени заради заштитено внатрешно пријавување во Центар за развој на Источен плански регион**

1. **Катерина Василев**, вработена во Центар за развој на Источен плански регион на **работно место Координатор за нормативно-правни и општи работи и управување со човечки ресурси**, се назначува за овластено лице за прием на пријави од укажувачи доставени директно до него заради заштитено внатрешно пријавување во Центар за развој на Источен плански регион.

   **Овластеното лице од став 1 на овој член може да се контактира на адреса: ул. „Ванчо Прќе", бр.119, кат 2, 2000 Штип, телефон 078474123 и e-mail: ukazuvaci@eastregion.mk .**

2. Овластеното лице при постапување со пријавите доставени заради заштитено внатрешно пријавување ќе се раководи од Законот за заштита на укажувачи, Правилникот за заштитено внатрешно пријавување во институциите од јавниот сектор и Упатството за прием на пријави од укажувачи, издвојување и обработка на податоците од пријавите и обезбедување на заштита на личните и други податоци на укажувачите.

3. За извршување на задачата - овластено лице за прием на пријави од укажувачи доставени заради заштитено внатрешно пријавување, Раководното лице на Центар за развој на Источен плански регион ќе му ги обезбеди потребните услови, простор и опрема за работа согласно Правилникот за заштитено внатрешно пријавување во институциите од јавниот сектор.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави на web страната на Центар за развој на Источен плански регион.

Образложение:

Согласно член 2 став 1 од Правилникот за заштитено внатрешно Пријавување во институциите од јавниот сектор и член 3 став 1 од Упатството за прием на пријави од укажувачи, издвојување и обработка на податоците од

пријавите и обезбедување на заштита на личните и други податоци на укажувачите, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Упатство за правно средство:**
Против ова Решение може да се изјави приговор во рок од 8 дена од денот на приемот на истото, до Раководителот на Центарот за развој на Источниот плански регион.

**доставено до**:
- работникот;
- досие;
- архива на Центарот.

Центар за развој на Источен плански регион
Раководител,
Зујица Ангелова

Работник:
Примил на ден 16.08-2021 година
Потпис: